Врз основа на член 24 став 1 алинеја 3 и член 116 став 7 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018 и Службен весник на РСМ 11/2019, 98/2019, 153/2019 и 92/2021) ,Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 17.03.2023 донесе

**ПРАВИЛНИК**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРЕНОСЛИВОСТ НА БРОЕВИ**

Член 1

Во Правилникот за преносливост на броеви ("Службен весник на Република Македонија" број 27/2015 и Службен весник на РМ, бр. 205/2016 година ), во член 6 став (5) алинеја (б) после зборовите „барањето е поднесено од неовластено лице" се додава текстот кој гласи „кое се утврдува преку споредување на единствениот матичен број –ЕМБГ и бројот што се пренесува за физички лица или единствен даночен број – ЕДБ и бројот што се пренесува за правни лица".

Член 2

Членот 18 став (2) алинеа (ѓ) наместо: „име, презиме и единствен матичен број за физичко лице или назив и еднинствен даночен број за правно" треба да стои „ единствениот матичен број –ЕМБГ за физичко лице или единствен даночен ЕДБ за правни лица".

Во став (3) од истиот член после зборот идентификување се додаваат зборовите „име и презиме за физички лица или назив за правен субјект".

Член 3

Овој правилник влегува во сила 15 дена после објавување на истиот во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Измените на овој Правилник ќе бидат објавени на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации.

Наш број 0101-928/2

Скопје 17.03.2023

ДИРЕКТОР
Jeton Akiku